РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
Бр. 0101-1558/1
01-02-19 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 11, став (1) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16 и 64/18), член 13 и член 37, став (2) од Статутот на Агенцијата за катастар на недвижности бр.01-7492/10 од 30.04.2013 година, бр.01-548/8 од 30.01.2015 година и бр.0101-31874/1 од 29.08.2018 година и член 3 став (3) и член 4 од Уредбата за критериумите, начинот на давање и примање на дарови, пријавување на даровите, начинот на процена на даровите, начинот на доплата за личен дар, како и користењето, чувањето и евиденцијата на стварите што станале државна сопственост по пат на дар („Службен весник на Република Македонија" бр.180/15), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ПРАВОТО, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат правото, начинот и постапката за користење на средствата за репрезентација, овластувањата за користење на средствата за репрезентација, одговорноста за наменското користење на средствата, видовите на репрезентација и постапката за користење на репрезентацијата во Агенцијата за катастар на недвижности (во натамошниот текст: Агенцијата)

**Член 2**

(1) Под средства за репрезентација во смисла на овој правилник се подразбираат:

- Средства за покривање на трошоци за симболични подароци за официјални гости и подароци за посебни пригоди кои не можат да изнесуваат повеќе од 100 Евра евра по лице во денарска противвредност (сувенири, марами, вратоврски и сл.);
- Средства за покривање на трошоци за набавка на вода, безалкохолни напитоци, кафе, чај, апетисани и сл;
- Средства за покривање на трошоци за промотивен и друг репрезентативен материјал (нотеси, пенкала, календари,честитки,покани и сл.) и
- Средства за покривање на трошоци направени за деловни средби со официјални гости во Агенцијата и во угостителските објекти (закуска, службен ручек, вечера, и сл.)

(2) Средствата за репрезентацијата можат да се користат 7 дена во неделата.

(3) Средствата за репрезентација треба да се користат рационално за намените утврдени со овој правилник.

## II. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА

**Член 3**

Средствата за репрезентација се обезбедуваат од Буџетот на Агенцијата, во рамките на категоријата стоки и услуги од ставка 426 - Други тековни расходи и потставка 426210 - Расходи за репрезентација.

## III. ОВЛАСТУВАЊЕ И НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ

**Член 4**

Корисник на средствата за репрезентација е директорот на Агенцијата или од него овластено лице.

**Член 5**

(1) Директорот на Агенцијата има право да користи средства за репрезентација за службени потреби согласно одредбите од овој правилник.

(2) Директорот на Агенцијата има право да овласти вработени лица во Агенцијата за користење средства за репрезентација за службени потреби, во максимален износ до 500 евра без данок на додадена вредност по настан, во денарска противвредност, сметано по официјален среден курс на НБРМ на денот на пресметката.

(3) Овластувањето на овој член се издава по претходно поднесено барање од вработеното лице до директорот.

(4) Формата и содржината на барањето од ставот 3 на овој член е дадена во Прилог бр.1 составен дел од овој правилник

(5) Директорот на Агенцијата, по претходна консултација со Секторот за финансиски прашања за обезбеденост на финансиски средства за репрезентацијата, донесува Решение за одобрување на средства за репрезентација

(6) Формата и содржината на решението од став 5 на овој член е дадена во Прилог бр.2 составен дел од овој правилник

(7)Директорот го овластува вработеното лице за користење на средствата за репрезентација, со овластување за користење средства за репрезентација.

(8) Формата и содржината на овластувањето од став 7 на овој член е дадена во Прилог бр.3 составен дел од овој правилник

(9)Примерок од овластувањето за користење средства за репрезентација задолжително се доставува до Секторот за финансиски прашања во Агенцијата.

**Член 6**

Користењето на угостителски услуги при одржување на коктели, конференции, семинари, работилници, состаноци со делегации и сл. во или надвор од објектот во кој се наоѓаат работните простории на Агенцијата и кои надминуваат вкупен месечен износ од 500 евра, без ДДВ во денарска противвредност, сметано по официјален среден курс на НБРМ, на денот на пресметката се одобрува со посебно решение на директорот.

**Член 7**

(1) Корисниците на средства должни се да постапуваат одговорно и економично при користење на средствата за репрезентација и да водат сметка истите да бидат во што е можно помал износ.

(2) Направените трошоци за репрезентација корисниците се должни да ги потврдат со парафирана фактура, фискална сметка и сметкопотврда, како и да достават Известување за реализирани средства за репрезентација на пропишан образец со податоци за настанот-поводот, бројот на гостите и сл.

(3) Формата и содржината на известувањето за реализирани средства за репрезентација од став 2 на овој член е дадена во Прилог бр.4 составен дел од овој правилник

**Член 8**

(1) Во случај на користење на средствата спротивно на намената и одредбите од овој правилник, корисникот или овластеното лице, должни се целокупниот износ лично да го надоместат.

(2) Во случај на користење на средствата над определениот износ во решението, корисникот или овластеното лице, должни се надминатиот износ лично да го надоместат, освен ако со писмено одобрение од директорот не му биде признаен трошокот.

**Член 9**

Секторот за финансиски прашања води сметка дали трошењето на средствата е во рамките на обезбедените средства со Буџетот и доколку се јават поголеми трошоци од планираните, писмено го известува директорот на Агенцијата.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 10**

Корисникот и овластените лица се задолжуваат да постапуваат согласно одредбите на овој правилник и навремено за своите активности да го информираат Секторот за финансиски прашања, кој го следи спроведувањето на овој правилник.

**Член 11**

Овој правилник влегува во сила на денот на неговото донесување, а ќе се објави на ВЕБ-страната на Агенцијата.

**Бр. 0101-1558/1 2019 година** — **Претседател на Управен одбор**

**С к о п ј е**

.......................................

**Ирма Мандева**

**Изработил:** Нада Велкоска, државен советник

**Контролирал/Одобрил:** Елеонора Стефановска, координатор на работна група формирана со Решение бр. 0206-33503/1 од 12.09.2018

**Образец 1**

**До**
**Агенција за катастар на недевижности**
**-за директорот**

БАРАЊЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

Од ______________________________ вработен-а на работно место со звање______________________________, Сектор за ______________________________, Одделение за ______________________________ во Агенцијата за катастар на недвижности.

Барам да се одобрат средства за репрезентација во вкупен износ од ____________ денари, ______________________________,
(со зборови)

за ______________________________ на ден ________ година, во организација на Агенцијата за катастар на недвижности.

Настанот е планиран по повод ______________________________
и на истиот е планирано да присуствуваат__________ учесници/гости, претставници од ______________________________
______________________________
______________________________
______________________________.

**Скопје, _______ год.**

______________________
**Име и презиме, потпис**

**Проверил обезбеденост на финансиски средства:**
**Сектор за финансиски прашања:**
______________________ **(име и презиме, своерачен потпис)**

**Образец 2**

Врз основа на член 15 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15 и 61/16, 172/16 и 64/18), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

## РЕШЕНИЕ

## за одобрување на средства за репрезентација

Директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, согласно член 5 од Правилникот за правото, начинот и постапката за користење на средствата за репрезентација во Агенцијата за катастар на недвижности одобрува средства за репрезентација, по повод ____________________________________ на ден ____________ година.

Се одобруваат средства за репрезентација, во висина од ________________________________________________.

(со бројки и букви)

Средствата се обезбедени од сметката за самофинансирачки активности, во ставка ______________ програма _______________.

Плаќањето ќе се изврши по доставени фактури по реално направениот трошок.

Ова решение стапува на сила со денот на донесувањето.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
-Сектор за финансиски прашања
-архива

ДИРЕКТОР

_______________

**Образец 3**

Врз основа на член 15 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија " бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15 и 61/16, 172/16 и 64/18), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

## ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

Директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, согласно член 5 од Правилникот за правото, начинот и постапката за користење на средствата за репрезентација во Агенцијата за катастар на недвижности, ГО ОВЛАСТУВА ________________________ на работно место со звање ____________________________________________________________________________, Сектор за __________________________________________________________________ - Одделение за ______________________________________________________________ во Агенцијата за катастар на недвижности, да користи средства за репрезентација за службени потреби на ден __________ година, во висина од __________________ денари, за____________________________________________________________________________ по повод ________________________________________________________________________ ________________________________________________________________________________ ______________________________________________________________________________.

(да се наведе видот на службената потреба)

**Скопје, ________ год.**

ДИРЕКТОР

__________________

**ДОСТАВЕНО ДО:**
-Сектор за финансиски прашања
-овластеното лице
-архива

Образец 4

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ СРЕДСТВА ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

Јас ______________________________ вработен-а на работно место, со звање ______________________________, Сектор за ______________________________ - Одделение за ______________________________ во Агенцијата за катастар на недвижности, врз основа на овластување бр.__________ ИЗВЕСТУВАМ дека на ден ______________ година, искористени се средства за репрезентација во вкупен износ од ______________ денари ______________________
(со зборови)
за службени потреби, поради ______________________________
______________________________
______________________________
______________________________
______________________________.
(да се наведе видот на службената работа)

Во прилог доставувам потпишана фактура/фискална сметка/сметкопотврда/ со што ги потврдувам трошоците за реализирани средства за репрезентација.

**Скопје, ________ год.**

______________________

**Име и презиме, потпис**